ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБМ -РЕСЕН

З А П И С Н И К

Од Заедничката седница на Претседателството на Општинскиот одбор на СБ од НОАВМ-Ресен и Комисијата за негување на и традициите од НОАВМ при Сојузот, како и претседателите на постојните комисии, Одржана на 17.12.1997 година

Седницата се одржуваше во просториите на Општинскиот одбор на СБ-Ресен, со почеток во 10,00 часот. На истата присуствуваа следните лица: Ѓорги Прцуловски, Спасе Томулевски, Круме Тански, Димитраки Теговски, Јонче Пецалевски, Калија Пупалевски Александар Крстевски, Круме Тановски и Дорче Крстевски. Отсатни беа: Панде Николовски, Реџеп Еминовски, Дорче Беличовски (оправдано

Седницата ја отвори и ја раководеше Претседателот на Претседателството на СБМ-Ресен Ѓорги Прцуловски, кој го предложи следниот

Д Н Е В Е Н   Р Е Д :

1. - Информирање за последното Судско рочиште,
2. - Одбележување на 55 годишнината од Формирањето на Првиот Народноослободителен одбор во Преспа
3.- Разно.

Вака предложениот дневен ред, со кревање на рака беше прифатен од сите присатни без никакви измени и дополнувања.

Потоа се пристапи со работа по веќе утврдениот Дневен ред.

По точката 1. Претседателот на Претседателството - Ѓорги Прцуловски ги запозна присутните дека на 10.12.1997 година, со уредна покана во 15,оо часот, како претставник на Општинскиот одбор на СБ Ресен кој е воедно тужител, против обвинетиот Тодор Симовски од Скопје, по поднесениот од наша страна Супсидијарен обвинителен акт за измама, во Судот Ресен бев на рочиште.

На споменатото рочиште не се појави Тодор Симовски, најверојатно од здравствени причини. Меѓутоа, до Основниот суд во Ресен беше пристигнато известување од Сопругата на Симовски. По наше барање, Судот ни достави фотокопие од истото, кое ќе го разгледаме на оваа седница. Од како Ѓорги Прцуловски го прочита изве-

./.

стувањето од сопругата на Тодор Симовски, се отвори дискусија во која зедоа учество: Ѓорги Прцуловски, Димитраки Теговски, Спасе Томулевски, Калија Ќупалевски, Јонче Пецалевски, Круме Тански, Дорче Крстевски и други.

Во обемната дискусија беше истакнато :

Општинскиот одбор на СБ Ресен од пред повеќе години беше особено ангажиран за да се издаде Монографија за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски -Овчарот. Во 1990 година во мај месец беше склучен издавачки договор. Според него како автор Симовски имаше обврска за 12 месец да ја издработи Монографијата за Овчарот. А Општинскиот одбор да му исплати соответен износ на средства на име авторски хонорар. Општинскиот одбор на СБ, својата обврска навреме и во целост ја исполни кон авторот. Покрај тоа му исплати и други средства на име материјални трошоци, патни, дневни итн. Меѓутоа, Симовски не само во договорениот рок, туку ни многу подоцна, дури ни до денес Монографијата не ја изработи, и покрај бројните контакти, усмени и писмени наши интервенции.

На 23.06.1994 година со лична Изјава Симовски уште еднаш се обврза до крајот на истата година да ја предаде Монографијата, но тоа не го направи.

На 20 април 1995 година, против Симовски беше поднесена Тужба, а по неа на 12.12.1995 година беше одржана во Судот Ресен Усна јавна расправа, од која произлезе Судско порамнување, според кое Симовски беше должен до 30.06.1996 година да ја предаде целосно Монографијата.

Меѓутоа, во првата декада од Јули истата година достави само дел од трудот кој се наоѓа во Сојузот на Борците и тоа би можел да биде како втор дел, а првиот кој требаше да биде предаден до крајот на месец мај сеуште не е предаден.

На 22 август 1996 година до Јавното Обвинителство Ресен поднесена беше Кривична пријава против Симовски за сторено кривично дело "Измама", а на 16.01.1997 година Супсидијарен обвинителен акт исто така за сторено кривично дело "измама", до Основниот Суд во Ресен.

Некаде во втората половина на април годинава во Скопје во просториите на СБ се сретнаа претставници на СБ Ресен со Симовски и други видни учесници во НОВ од Преспа и пошироко, разговарано беше за да се вратат сите материјали кои му беа дададени од СБ за да му послужат на Симовски при изработката на Монографијата.

Исто така авторот во последните контакти ветуваше дека со помош на Танковски Ѓорги и други историчари, или со помош на членови на не-

говото семејство ќе биде довршена Монографијата, заради тоа што поради нарушената здравствена состојба, Симовски не бил во состојба да ја доврши. И ова остана само на зборови.

След ваквата сеопфатна дискусија донесен беше едногласно З а к л у ч о к : со којшто останува ме при Супсидијарниот обвинителен акт од Општинскиот одбор на СБ Ресен, бидејки Општинскиот одбор, Претседателството и Комисијата за негување на традициите од НОВ на овој Сојуз, од страна на Тодор Симовски на повеќе пати биле измамени и омаловажени од 1991 година до денес, бидејки не го исполнил Издавачкиот договор за изработка на монографијата за Овчарот.

Во горната смисла, Заклучок да се достави до Основниот Суд во Ресен.

След ова се премина на точката 2 од Дневниот ред.

Претседателот на Претседателството Ѓорги Прцуловски ги потсети присатните дека на 27.12.1997 година се навршуваат точно 55 години од Формирањето на Првиот Народноослободителен одбор во Село Коњско, ресенско. Според некои извори ( Хронологијата на Одредот "Даме Груев" од Бено Русо - Коки овој бил прв НО одбор во Македонија. И искажа мислење дека овој датум треба свечено да биде одбележен. Потоа додаде дека веќе остварил контакт со Градоначалникот Д-р. Арсе Гошаревски, кој прифаќа да се ангажира заедно и со Претседавачот на Советот на општината -Јоне Митревски. Исто така оцени дека има потреба да се покани Јордан Тасевски на одбележувањето бидејки тој е преживеан член односно секретар на Одборот. На крајот заврши со тоа дека треба да се запознаат средствата за информирање со цел за нивно вклучување, а и ние како организација да се вклучиме во одбележувањето.

Присутните во нивната дискусија дадоа подржка и зедоа обврска да придонесат колку што им дозволуваат можностите за подостојно одбележување на овој Јубилеј.

По точката разно се разгледаа следните прашања:

1.Претседателот на Претседателството Ѓорги Прцуловски, направи осврт врз прославата на годишнината за Косте Кусаковски во с.Подмочани која се одржа на 21.11.1997 година. Посебно позитивно се произнесе за ангажирањето и успешната прослава по истој повод, и предложи во наредната 1998 година -Признание да му се додели на Училиштето "Славејко Арсов" с. Подмочани, и на Спасе Томулевски бидејки во текот на годината особено се ангажираше во поуспешното одржување на прославите и другите активности на Сојузот. Исто така Признание да му се додели и на училиштето "Браќа Миладиновци" с. Царев Двор, бидејки и минатите години и тековнава година придонесоа за успешни прослави во с. Царев Двор по разни поводи во организација

на Општинскиот одбор на СБ Ресен.

Во врска со ова се донесе З а к л у ч о к : во 1998 година да им се доделат признанија на:

1) Училиштето "Славејко Арсов" с. Подмочани,

2.)Училиштето "Браќа Миладиновци" с. Царев Двор, и

3)Спасе Томулевски од Ресен ( Потпретседател на ОО СБ.)

Потоа по оваа точка ( разно ) беше разгледано писменото барање поднесено од Ѓорги Танковски и Јован Кочанковски со кое се бараат средства ( околу 10.000 ДМ) од Општинските одбори на СБМ Ресен и Битола во врска со подготвената Монографија за одредот "Даме Груев". Воедно се бара и Одлука за печатење на Монографијата.

По ова се донесе заклучок, Претседателството да се ангажира и придонесе за да се обезбедат половината од средствата по пат на спонзорство. Исто така се донесе Одлука за печатење на Монографијата

-Претседателот Прцуловски ги информира присутните дека понудени се два автори : Илија Тодорчевски за книгата Езерчани и Боро Китановски, кој бараат СБ Ресен да им помогне за промоција на нивните трудови. ( Вториот автор " Судена Македонија" ( книга).

По ова прашање се донесе заклучок да се помогни за промоцијата, но со оглед на финансиските можности на СБ Ресен да се земат само неколку книги.

Исто така се одлучи да се побара книгата ~~шк~~ К што скоро е излезена од печат за Генерал Михајло Апостолски. А воедно стана збор да се преземат потребни мерки за соодветна публикација и др. во врска со делото на Цветко Узуновски Абаз, со оглед на тоа што и тој е еден од најзначајните личности од НОАВМ и пошироко.

Со тоа дневниот ред целосно беше исцрпен и седницата беше завршена.

Записник водел,
Ѓорѓи Шушевски

Претседател на Претседателството
Ѓорги Прцуловски